**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

Уп1 Бр.08-419

Скопје13.11.2017г.

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 20 став 1 алинеи 1 и 10 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), а согласно член 54 став 4 и член 104 став 4 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.124/15), во врска со Предлогот Уп1 бр.08-419 од 10.11.2017 година, на м-р Драгица Љубевска, овластено лице од д-р Зоран Трајчевски, Директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, врз основа на Овластувањето бр.03-4701/1 од 25.10.2017 година, а согласно Заклучокот, бр.02-5083/2 од 13.11.2017 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 38-та седница одржана на 13.11.2017 година, донесе:

# Р Е Ш Е Н И Е
## за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување

СЕ ЗАПИРА покренатата постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво Телеканал А1 ДООЕЛ Струмица, бр.08-1052 од 29.09.2015 година, покрената со Предлог Уп1 бр.08-419 од 30.10.2017.

## О б р а з л о ж е н и е

Во согласност со одредбите од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), радиодифузерите се должни да го платат годишниот надоместок за секоја тековна година почнувајќи од датумот на доделување на дозволата за телевизиско или радио емитување во рок од 30 дена од денот на приемот на фактурата издадена од Агенцијата.

Во врска со погоренаведеното, а во однос на надоместокот за доделената дозвола за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво Телеканал А1 ДООЕЛ Струмица, бр.08-1052 од 29.09.2015 година, Агенцијата на 18.09.2017 година, му доставила фактура за надоместокот за дозволата за телевизиско емитување бр.2017-100-0208 (наш.арх.бр.05-4030/1), со која радиодифузерот имал обврска да плати 287.634,00 (двесте осумдесетиседумилјадиишестотинитриесетичетири) денари, за годишен надоместок за дозвола за телевизиско емитување, за периодот од 17.09.2017 година заклучно со 16.09.2018 година. Во Агенцијата е доставена повратница од Македонска пошта дека фактурата била уредно примена на 28.09.2017 година.

По извршениот редовен административен надзор, во Извештајот, бр.05-4795/1 од 30.10.2017 година, беше констатирано дека радиодифузерот во законскиот рок од 30 дена од денот на приемот на фактурата издадена од Агенцијата, не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија"

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје
Република Македонија

Тел. + 389 2 3103 400

www.avmu.org.mk
www.avmu.mk
contact@avmu.mk

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), односно не го платил годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Законскиот рок за плаќање на фактурата бр.2017-100-0208 (наш.арх.бр.05-4030/1) беше 27.10.2017 година, во кој рок радиодифузерот не го платил годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување.

Согласно погоренаведеното, Советот на Агенцијата на 36-та седница одржана на 30.10.2017 година, со Заклучок, бр.02-4808/2 од 30.10.2017 година, го усвои предлогот на Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, Уп1 бр.08-419 од 30.10.2017 година и покрена постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво Телеканал А1 ДООЕЛ Струмица, бр.08-1052 од 29.09.2015 година. Во врска со тоа, од страна на Агенцијата на ден 30.10.2017 година, до погоренаведениот радиодифузер беше испратен допис Уп1 бр.08-419 од 30.10.2017 година, со кое беше известен дека доколку не го плати годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување, Советот на Агенцијата најдоцна во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на Предлогот за покренување на постапка за одземање, ќе донесе одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување.

На ден 09.11.2017 година од страна на Секторот за правни и економско-финансиски работи, Одделение за економско – финансиски работи на Агенцијата, до Директорот на Агенцијата, доставено е Известување, Уп1.бр.08-419, дека Трговското радиодифузно друштво Телеканал А1 ДООЕЛ Струмица, на 08.11.2017 година изврши уплата во износ од 287.634,00 (двестеосумдеситиседумилјадиишестотинитриесети четири) денари со што радиодифузерот годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување го платил во целост.

Следствено на сето погоре наведено, врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 20 став 1 алинеи 1 и 10 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), согласно член 54 став 4 и член 104 став 4 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.124/15), во врска со Предлогот Уп1 бр.08-419 од 10.11.2017 година, на м-р Драгица Љубевска, овластено лице од д-р Зоран Трајчевски, Директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, врз основа на Овластувањето, бр.03-4701/1 од 25.10.2017 година, а согласно Заклучокот, бр.02-5083/2 од 13.11.2017, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 38-та седница одржана на 13.11.2017 година, одлучи да ја запре покренатата постапка за одземање на дозволата.

Врз основа на погоре наведеното се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Доставено до:**
- Трговското радиодифузно друштво Телеканал А1 ДООЕЛ Струмица;
- Управителот на Трговско радиодифузно друштво Телеканал А1 ДООЕЛ Струмица;
- Секторот за информатичка подршка и општи работи – архива;
- Секторот за правни и економско – финансиски работи;
- Назначеното лице во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за водење на Уписникот Уп 1.